Врз основа на член 39 став 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002),член 44 став 2 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово" бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19) и член 57 став 1 алинеа 1 од Деловникот за работа на Советот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово" бр.18/07), Претседателот на Советот на Општина Берово донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Ја свикувам 33-та (триесет и третата) седница на Советот на Општина Берово на ден 13.05.2020 година (среда), со почеток во 08:00 (осум) часот со следниот:

Дневен ред:

1. Усвојување на Записник од 31-та Седница на Совет на Општина Берово;
2. Усвојување на Записник од 32-та Седница на Совет на Општина Берово;
3. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Берово за 2020 година:
4. Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Берово за 2020 година;
5. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2020 година до 31.03.2020 година – Образец К1;
6. Квартален Извештај за достасани ненамирени обврски на општината за квартал од 01.01.2020 година до 31.03.2020 година – Образец К2;
7. Квартален Извештај за задолжување на општината за квартал од 01.01.2020 година до 31.03.2020 година – Образец К3;
8. Измена на Програма (ЈД, Ј6 и ЈФ) за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во општина Берово за 2020 година;
9. Дополнување на Програма за комунални дејности за 2020 година;
10. Дополнување на Програмата - Ј7 За одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Берово за 2020 година;
11. Измена и дополнување на Програмата за располагање со градежно земјиште сосптвеност на Република Северна Македонија за 2020 година;
12. Регионален план за унапредување на шумите во Малешевскиот регион (Берово и Пехчево) со акциски план 2020-2025;
13. Одлука на Локална Акциона Група Малеш-Пијанец, за утврдување нависината на членарината за 2020 година и начинот на плаќање на истата;
14. О Д Л У К А за обврски во однос на спроведување на активности на ЛАГ Малеш-Пијанец поддржани од Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој -Мерка 412 и 413;
15. Предлог одлука за прифаќање на донација на Основен сообраќаен Проект за утврдување на режим на сообраќај на улична мрежа во село дворище – општина Берово;

16. Предлог одлука за прифаќање на донација од Гео Астро Берово;
17. Предлог одлука за прифаќање на донација од Гео Мато Берово;
18. Предлог Решение за дополнување на Решението за формирање на работно тело за процена на состојбата на парковските дрва и дрва на јавна површина;
19. О Д Л У К А за субвенционирање на ЈПКР "Услуга" Берово;
20. Предлог О Д Л У К А за давање на трајно користење без надомест на движна ствар –трактор ФОРД 3000 на ЈПКР „Услуга" Берово;
21. Предлог ОДЛУКА за одржување на движни ствари – фотоволтаични системи;
22. Предлог Одлука за утврдување на автобуски стојалишта во меѓуопштинскиот превоз;
23. Предлог Одлука за прифаќање иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација за изфрадба на Е2 – Комунална супраструктура – Фотонапонска соларнацентрала за производство на електрична енергија, со моќност од 1 мБ, на КП 3193, 3194, 3195 КО Берово вон град (за Васил Влашки);
24. Предлог Одлука за прифаќање иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на Локална Урбанистичка Планска Документација за изфрадба на Е2 – Комунална супраструктура – Фотонапонска соларнацентрала за производство на електрична енергија, со моќност од 1 мБ, на КП 3190 и 3191 КО Берово вон град (за АД "ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА" Скопје);
25. Годишен Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен Плански Регион за 2019 година;
26. Годишен Финансиски Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен Плански Регион за 2019 година;
27. Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источниот Плански регион 2015 – 2019 година за 2019 година;
28. Извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2019 година;
29. Финансиски Извештај за работа на ЈПКР "Услуга" Берово за 2019 година;
30. Извештај за работа на ПС од ОН Берово за 2019 година;
31. Годишен Извештај за работењето на ТППЕ Берово за 2019 година;
32. Полугодишен извештај за работа на ОСУ "Ацо Русковски" Берово за учебната 2019/2020 година;
33. Годишен Извештај за работа на Општинска јавна установа за социјална заштита на стари лица д-р Иван Влашки Берово за 2019 година;
34. Полугодишен извештај за работа на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново – Берово за учебната 2019/2020 година;
35. Извештај за реализација на ПРОГРАМАТА за подршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2019 година;
36. Извештај за реализација на ПРОГРАМАТА за активностите на Општина Берово за 2019 година во областа на туризмот;
37. Извештај за реализација на ПРОГРАМАТА за активностите на Општина Берово во областа на културата во 2019 година;
38. Извештај за реализација на ПРОГРАМАТА за активностите на Општина Берово во областа на социјална заштита во 2019 година;

39. Извештај за реализација на ПРОГРАМАТА за развој на спортот и спортско рекреативните активности на граѓаните во општина Берово за 2019 година;
40. Извештај за реализација на Годишната Програма за активностите на општина Берово во областа на односите со јавноста, комуникациите и меѓународната соработка во 2019 година;
41. Извештај за реализација на ПРОГРАМАТА за други комунални услуги ,третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња за 2019 година;
42. Извештај за реализација на ПРОГРАМАТА за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести, во 2019 година;
43. Извештај за реализација на Програмата - Ј7 За одржување на јавно зеленило на подрачјето на општина Берово за 2019година;
44. Извештај за реализација на ПРОГРАМА - Ј3 За изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Берово за 2019 година;
45. Извештај за реализација на ПРОГРАМАТА за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Берово за 2019 година;
46. Извештај за реализација на Програмата - Ј4 За одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Берово за 2019 година;
47. Советнички иницијативи и прашања;
48. Барања од институции и граѓани.

Бр.09-1483/1
05.05.2020 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски